Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), а во врска со член 17 од Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општината Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 20/18, 2/19, 9/19, 1/21 и 12/21), Градоначалникот на Општина Битола објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК БР. 02/2021
# ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПОНУДИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПАКЕТ ЛИНИИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ОПШТИНСКИ ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО ОПШТИНАТА БИТОЛА И СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ЛИНИИТЕ ДО РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ

## 1. ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

**Предмет на јавниот повик е доделување на „пакет линии“ бр.2 и „пакет линии“ бр.3, за вршење на општински линиски превоз на патници во Општината Битола и субвенционирање на линиите до руралните средини, предвидени во Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување на линииите на превозниците во општинскиот линиски превоз на патници во Општината Битола („Службен гласник на Општина Битола бр. 20/18, 2/19 и 1/21), за период од денот на издавањето на дозволата до 21.02.2026 година.**

Овој јавен повик е согласно и со член 22-б од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на РМ“ бр.68/04, 23/2006; 127/06, 64/2008; 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 20/2015; 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18, 163/18, 173/18, 174/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19) во кој е наведено дека:

„Бесплатниот превоз на ученици утврден со Законот за основното образование и Законот за средното образование на подрачјата на општините каде што има утврден возен ред се врши од страна на носителите на дозвола за општински линиски превоз, по цени и на начин утврдени од советите на општините и Советот на град Скопје“.

## 2. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК

**2.1**. Право на учество на јавниот повик имаат домашни и странски правни лица, под услови утврдени со документацијата за јавниот повик.

**2.2.** Право на учество имаат сите правни лица кои:

1. имаат важечка лиценца за вршење на општински линиски превоз на патници и важечки изводи од лиценца за секое возило;
2. се впишани во Централен регистар на РСМ и имаат регистрирано приоритетна дејност/главна приходна шифра: вршење на превоз на патници и стока во патниот сообраќај;
3. се сопственици или имаат договор за лизинг на минумум едно регистрирано возило по линија и минимум едно возило во резерва за сите линии, со најмалку 8+1 седиште, кои ги исполнуваат посебните техничко-експлоатациони услови за моторни возила наменети за вршење на општински линиски превоз;
4. имаат вработено во редовен работен однос возачи во зависност од бројот на моторните возила, минимум еден возач по возило;
5. имаат обезбедено Сертификат за професионална компетентност за управителот или за овластеното лице одговорно за превоз во правното лице;
6. имаат добар углед;
7. во возилата имаат вграден фискален апарат;
8. имаат доказ дека против правното лице не се води постапка за стечај и ликвидација.

Заинтересираните правни лица имаат право за секој пакет линии да поднесат поединечни понуди во посебен плик. Со исти возила може да се аплицира за повеќе пакети линии. Евалуацијата на понудите ќе се врши редоследно, според бројот на пакетот линии, почнувајќи од најмалиот кон најголемиот број. Во случај да е искористен понудениот капацитет на возила со добивање на одреден пакет линии, сите понуди за следните пакети линии ќе се сметаат како да не се поднесени, односно ќе бидат отфрлени. Едно исто возило може да биде искористено како второ возило (резерва) за повеќе линии, се додека истото не е искористено како прво возило со добивање на одредена линија. Јавниот повик за доделување на пакет линни се смета за успешен и во случај ако биде доставена најмалку една понуда што ги исполнува сите услови и барања предвидени во документацијата за Јавниот повик.

## 3. КРИТЕРИУМИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СПОСОБНОСТА НА ПОНУДУВАЧИТЕ

За да учествуваат во постапката за доделување на пакет линии, односно за да може понудите да се оценуваат/евалуираат, понудувачите треба да се квалификувани како способни, за што мора да ги исполнат критериумите за утврдување на нивната способност, кои се поблиску дадени и опишани во документацијата за јавниот повик. Понудувачите треба да потпишат **Изјава заверена од нотар дека ги прифаќаат условите од документацијата за јавниот повик и моделот на договор,** кој е составен дел од документацијата.

## 4. ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Потребната документација е дефинирана во документацијата за јавниот повик за доделување на пакет линии за вршење на општински линиски превоз на патници во Општината Битола и субвенционирање на линиите до руралните средини.

## 5. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА

Доделувањето на пакет линиите ќе се изврши по пат на евалуација на понуди со поднесување на затворени пријави.
Пријавите се поднесуваат во затворен плик до Комисијата, а се отвораат јавно во присуство на овластени лица на подносителот.
Доставените пријави се бодуваат според следните критериуми:

1. **За просечна старост на возилата што превозникот ќе ги користи за општински линиски превоз**, превозникот може да добие **најмногу 30 бода**, и тоа:
   - до 5 години просечна старост на возилата - 30 бода
   - од 6 години до 10 години - 20 бода
   - повеќе од 10 години - 10 бода

2. **За број на вработени**, превозникот може да добие **најмногу 30 бода**, и тоа:
   - до 5 вработени - 10 бода
   - од 6 до 10 вработени - 20 бода
   - повеќе од 10 вработени - 30 бода

3. **За исполнување еколошки стандарди на возилата**, **за пресметан просек**, превозникот може да добие **најмногу 40 бода**, и тоа:
   - од Еуро 2 до Еуро 3 - 10 бода
   - од Еуро 3 до Еуро 4 - 20 бода
   - од Еуро 4 до Еуро 5 - 30 бода
   - над Еуро 5 - 40 бода

Во случај на ист број бодови, предност има превозникот кој има прв поднесено понуда во архивата на Општина Битола.

## 6. НАЧИН И АДРЕСА НА ПОДИГАЊЕ НА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ЈАВЕН ПОВИК

6.1 Документацијата за јавниот повик ќе биде објавена на www.bitola.gov.mk, а истата може да се подигне секој работен ден од 08:30 до 16:00 часот на шалтер број 4 во Општина Битола со седиште на ул. "Булевар 1-ви Мај" бр. 61 Битола, Република Северна Македонија, најкасно еден ден пред рокот наведен во точка 7.1.

## 7. РОК, АДРЕСА И НАЧИН НА ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

**7.1**. Краен рок на поднесување на понудите е **23.12.2021** година до **13:00** часот по локално време.

**7.2.** Понудите се доставуваат преку пошта или директно во архивата на Општина Битола на ул. "Бул. 1-ви Мај" бр.61, Битола, Република Северна Македонија, во хартиена форма.

**7.3.** Понудувачот го поднесува оригиналниот примерок на Пријавата (Прилог 1) во запечатен внатрешен плик кој го содржи називот на понудувачот со целосна и точна адреса, со назнака „Пријава за јавен повик" во горниот лев агол.

**7.4.** Документите за утврдување на способност на понудувачите се поднесуваат во посебен запечатен внатрешен плик кој го содржи називот на понудувачот со целосна и точна адреса, со назнака „Документи за утврдување на способноста " во горниот лев агол.

**7.5.** Внатрешните пликови се приложуваат во запечатен надворешен плик кој:
- е адресиран со целосна и точна адреса на Општина Битола;
- го содржи бројот на Јавниот повик; и
- во горниот лев агол стои ознака „Не отварај".

**7.6.** Доколку сите пликови не се запечатени и обележани како што се бара, Општина Битола не превзема одговорност за губење или предвремено отворање на понудата.

## 8. ЈАЗИК НА ПОНУДАТА

Понудата се изготвува и доставува на македонски јазик.

## 9. ГАРАНЦИЈА ЗА УЧЕСТВО

**9.1.** Како дел од понудата, понудувачот обезбедува гаранција за учество во форма на банкарска гаранција во висина од 60.000 денари за секој пакет линии за кој поднесува понуда.
**9.2.** Банкарските гаранции се поднесуваат во оригинална форма, копии не се прифаќаат.

## 10. ЈАВНО ОТВОРАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

**10.1.** Јавното отворање на понудите ќе се изврши на **23.12.2021** година во **14:00** часот по локално време во просториите на Општина Битола, со седиште на ул. "Булевар 1-ви Мај" бр. 61, Битола, Република Северна Македонија.
**10.2.** Поради актуелната пандемија на коронавирусот КОВИД-19, Комисијата за спроведување на постапката може јавното отворање на понудите го изврши со употреба на телекомуникациски средства (конференциска врска со употреба на интернет комуникација и софтверски алатки).
**10.3.** Предмет на разгледување се понудите кои се пристигнати до денот и часот утврден во точка 7.1. Понуди пристигнати по датумот и часот утврден во точка 7.1. ќе се сметаат како ненавремени и нема да бидат предмет на разгледување.
**10.4**. Секој што сака да присуствува на отварањето на понудите, односно истото да го следи со употреба на телекомуникациски средства, тоа треба да го најави со писмена најава најдоцна 1 (еден) ден пред денот на јавното отварање.

## 11. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

**11.1.** Постапката ќе ја спроведе Комисија формирана од Градоначалникот на Општина Битола.
**11.2.** Дополнителни информации можат да се добијат на телефонот 047 208 306 или мобилен телефон 070 303 678.

**ОПШТИНА БИТОЛА**
**КОМИСИЈА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ**
**НА ПОСТАПКАТА**